**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1003-161/6**

**Скопје, 29.04.2009 година**

**До**
**Основен суд Кичево - Кичево**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Кичево - Кичево - сметка за редовно работење (во понатамошниот текст Основен суд) за 2008 година кои се прикажани на страните од 5 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Основниот суд за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   - Мира Анѓелеска - Претседател на Основен суд Кичево од 02.03.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 4, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 02.03.2009 година до 17.03.2009 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

-дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,

-дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### *10.1. Неправилна примена на акти*

***10.1.1.*** Основниот суд и покрај воспоставената евиденција на изречените и наплатени парични казни, трошоците на постапката и конфискуваниот имот и имотна корист (образец број 113 согласно Судскиот деловник), нема изработено прилог Преглед на изречените и наплатени парични казни, трошоците на постапката и конфискуваниот имот и имотна корист, кон завршната сметка, што не е во согласност со член 345 од Судскиот Деловник.

Ваквата состојба придонесува намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

**Препорака:**

Изработката на Прегледот на изречените и наплатените парични казни, трошоците на постапката и конфискуваниот имот и имотна корист да се врши согласно Судскиот Деловник и да е составен дел на завршната сметка.

### *10.2. Незаконско и ненаменско користење на средствата*

### *10.2.1. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

- Планот за вкупните потреби за набавки во тековната година е донесен со задоцнување, што не е во согласност со член 26 став 2 од Законот за јавни набавки.
- Спроведена е постапка за јавна набавка на работи - реконструкција на влезна партија за пристап за хендикепирани лица и превземени се обврски во текот на 2008 година во износ од 150 илјади денари, без овој вид на набавка да е содржан во донесениот План за вкупните потреби за набавки во тековната година, што не е во согласност со член 26 став 1 од Законот за јавни набавки.
- Спроведени се постапки за јавна набавка на стоки – канцелариски материјали и друг административен материјал и превземени се обврски во вкупен износ од 710 илјади денари, кои ја надминуваат проценетата вредност утврдена во Планот за вкупните потреби за набавки за 2008 година за износ од 420 илјади денари, што не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки.

**Препорака:**
Основниот суд јавните набавки за стоки, услуги и работи да ги врши во согласност со донесениот План за вкупни потреби за набавки во тековната година и по потреба во текот на годината да врши измени или дополни на Планот согласно со планираните и обезбедените средства за јавни набавки.

11. Според наше мислење финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Основен суд Кичево – Кичево – сметка за редовно работење под 31 Декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Основен суд Кичево - Кичево - сметка за редовно работење, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

13. ***Системски слабости***

- Основниот суд Кичево со Писмо број 03-496/2 од 12.05.2008 година е задолжен за целосна имплементација на “Модулите за Буџетско и финансиско работење од АБМС системот”, започнувајки од почетокот на фискалната 2008 година. При проверката на функционирањето на наведените модули, констатирано е дека не постои меѓусебна синхронизација и поврзаност помеѓу подпрограмата за водење на евиденција на материјлните средства и модулот за финансиска евиденција, при што податоците презентирани во модулот за финансиска евиденција не ги содржат вкупната набавна вредност на материјалните средства (само сегашна вредност) и вредноста на акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на материјалните средства. Имајќи во предвид дека Судскиот буџетски совет врши мониторинг на имплементацијата на наведените модули, чии крајни корисници се сите единки корисници на судската власт, ревизијата укажува на потребата од преземање на активности за усогласување и синхронизација на наведените модули.
- средствата за надомест за трошоците за сведоци, вештаци, преведувачи, толкувачи и стручни лица, како и трошоци на увидот во кривична и прекршочна постапка во Основните судови во Република Македонија, се исплаќаат според Правилникот за надоместокот на трошоците во кривичната и процесната постапка и постапката за стопански престапи (Службен весник на СРМ 11/1988 година), донесен врз основа на Закон за редовните судови, кој закон престанува да важи со донесувањето на Законот за судовите во 1995 година, а кој престанува да важи со донесување на новиот Закон за судовите. Исплатата на средствата кои претставуваат државни расходи се врши врз основа на законски и подзаконски акти кои се вон сила, поради тоа што Министерот за правда нема донесено поблиски прописи за надомест на трошоците на кривична постапка, (кои важат и за прекршочна постапка), ниту акт за критериуми за видот, висината и надоместокот за вештачењето, согласно член 96 од Законот за кривична постапка (Службен весник на РМ 15/2005 година, пречистен текст);
- средствата за надомест на судии поротници и средствата за надомест за дежурства на судии во Основните судови во Република Македонија, се исплаќаат по подзаконски акти донесени врз основа на Законот за судовите во 1995 година, а кој престанува да важи со донесувањето на новиот Закон за судовите, согласно кој Министерот за правда е овластен истите да ги донесе во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на законот, односно до јуни 2007 година. Истите до



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

денот на вршење на ревизијата не се донесени, поради што исплатата на средствата кои претставуваат државни расходи се врши врз основа на законски и подзаконски акти кои се вон сила.

14. Ревизијата има за обврска да обелодени дека:

- од страна на Министерство за правда отпочната е постапка за поставување, одржување и функционирање на информатички систем врз единствена методолошка и технолошка основа за сите правосудни органи, со чија имплементација ќе се обезбеди креирање на електронски досиеа на судски предмети во единствена база на податоци за правосудниот и информациониот систем, намалување на времето на обработка на предметите и зголемување на ажурноста на судовите.

**Овластен Државен Ревизор**

Скопје, 29.04.2009 година

**Основен суд Кичево - Кичево**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2008** | **2007** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 35,550 | 32,610 |
| **Вкупно приходи** | **35,550** | **32,610** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 28,500 | 26,725 |
| Резерви и недефинирани расходи | 0 | 30 |
| Стоки и услуги | 5,950 | 5,763 |
| Субвенции и трансфери | 1,068 | 91 |
| **Вкупно тековни расходи** | **35,518** | **32,609** |
| **Вкупно расходи** | **35,518** | **32,609** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------

**Основен суд Кичево - Кичево**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 3,062 | 3,487 |
| **Вкупно тековни средства** | **3,062** | **3,487** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 39,687 | 3,534 |
| **Вкупно постојани средства** | **39,687** | **3,534** |
| **Вкупна актива** | **42,749** | **7,021** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 708 | 1,441 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 2,354 | 2,046 |
| **Вкупно тековни обврски** | **3,062** | **3,487** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 39,687 | 3,534 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **39,687** | **3,534** |
| **Вкупна пасива** | **42,749** | **7,021** |

**Основен суд Кичево - Кичево**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА

| О П И С | Државен-јавен капитал |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **3,534** |
| **Зголемување по основ на:** | **36,953** |
| Евидентирана набавна вредност | 36,756 |
| Набавки во текот на годината | 197 |
| **Намалување по основ на:** | **800** |
| Пресметана амортизација | 800 |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **39,687** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------